**Известување за концентрација со која АССИКУРАЦИОНИ ГЕНЕРАЛИ С.П.А. Трст, Италија, ќе стекне контрола над Генерали Кина Иншуранс Компани Лимитед, Народна Република Кина (предмет бр. 08-34/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 24.01.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која **АССИКУРАЦИОНИ ГЕНЕРАЛИ С.П.А.**, со седиште на Пиаца Дука дељи Абруци бр.2, Трст, Италија, има намера да стекне единствена контрола над Генерали Кина Иншуранс Компани Лимитед. со седиште на Твин Товерс-Вест Товер (9ти кат), Б-12 Јиангуоменваи Авенуе, Чаојанг Дистрикт, Пекинг, Народна Република Кина.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Ассикурациони Генерали**, е компанија основана и регистрирана во Република Италија, со седиште на Пиаца Дука дељи Абруци бр.2, Трст, Италија, која е глобален учесник во секторот за осигурување и управување со средства.
Ассикурациони Генерали е мајка- компанија на групацијата Генерали, еден од главните глобални играчи во секторот за осигурување и управување со средства („**Генерали Групација**“ или „**Групација на Стекнувач**“).

Во Северна Македонија, Генерали Групацијата има корпоративно присуство преку своето зависно друштво, **Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје,** со седиште на бул. Партизански Одреди бр. 14А/1-2, Скопје - Центар, Северна Македонија, со дејност на управување со фондови.

**Генерали Кина Иншуранс Компани Лимитед.** е компанија основана и регистрирана според законите на Кина, во Пекинг, во април 2007 година, одобрена од Кинеската регулаторна комисија за осигурување (претходник на Националната финансиска регулаторна администрација), со регистрирано седиште на адреса Твин Товерс-Вест Товер (9ти кат), Б-12 Јиангуоменваи Авенуе, Чаојанг Дистрикт, Пекинг, Народна Република Кина .

**Генерали Кина Иншуранс Компани Лимитед** е компанија активна на осигурителниот пазар во Кина и моментално работи преку седум подружници основани на територијата на Кина. Претставува национално заедничко вложување - П&Ц (*P&C*) осигурителна компанија, основана од ЦНПЦ Капитал Компани Лимитед (*CNPC Capital Company Limited*) и Ассикурациони Генерали С.п.А.

Во Северна Македонија, Целното друштво нема корпоративно присуство, ниту врши активности и/или остварило промет во годината што и претходи на Трансакцијата.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

**29.01.2024 година**
**Скопје**